USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# ВОДИЧ ЗА ГРАЃАНИ



## ЗА НАДЗОР НАД ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Како да ги препознаете триковите за 'местење' на еден тендер
Што да направите ако забележите некој од триковите
Како и каде да пријавите корупција
Како да добиете повеќе информации за некој тендер

# 390 милиони евра годишно за потребите на граѓаните наместо за корупција!



Замислете државата да може во една година да изгради **550 современи детски градинки.**

Замислете државата да може во една година да изгради над **100 домови за стари лица.**

Замислете државата да може само во една година да изгради **улици со пешачки и велосипедски патеки и нова атмосферска канализација во должина од 400 километри.**

Замислете државата да може во една година да купи **повеќе од илјада медицински апарати.**

- Сето ова би било можно кога ние, граѓаните, би успеале да ја спречиме корупцијата што постои во јавните набавки што ги спроведуваат државните институции на централно и на локално ниво.
- Секоја година, во државата се трошат на јавни набавки просечно по околу 80 милијарди денари, што е околу 1 милијарда и 300 милиони евра. Се набавуваат производи и услуги или се изведуваат градежни работи со јавни пари кои се собрани од сите нас – граѓаните преку плаќање даноци, придонеси, такси и сл.
- Се проценува дека една третина од овие пари се злоупотребуваат и се предмет на корупција. Ова значи дека корупцијата во јавните набавки годишно нè чини дури 390 милиони евра!!!
- Односно, дека наместо за купување медицински апарати и изградба на нови улици, градинки, болници итн., овие пари завршуваат во нечиј приватен џеб.
- Поради корупцијата, централните и локалните власти постојано ги откажуваат проектите што се важни за нас, граѓаните, а честопати и тоа што се купува или што се гради е со лош квалитет.
- За да не дозволиме работите да стануваат и полоши, треба сите ние, како граѓани, да се грижиме за јавните набавки.
- Треба да следиме како се реализираат набавките, да ги поставуваме вистинските прашања, да влијаеме врз одлуките што ќе се набавува, за да ја оневозможуваме корупцијата и да придонесеме нашите пари да се трошат за наше добро.

# Трикови за 'местење' тендер

**Како да ги препознаете триковите што се прават за да се 'намести' еден тендер, односно да се „даде“ на пријателска фирма? Еве неколку од нив.**

- Се набавува нешто што не е потребно, но што го продава „пријателската“ фирма која треба да го добие тендерот. На пример, се купуваат тони хартија за печатење, иако реално се потребни само неколку топови.

- Називот на набавката може намерно да биде сложен за да ја одбива конкуренцијата. Така, ако називот е „дигитализација“, тоа може да значи дека бараат само некој да им ги скенира постојните документи.

- Предметот на набавката може намерно да биде многу детално опишан за да ја „уплаши“ конкуренцијата, а всушност да станува збор за обичен и секојдневен производ. На пример, кога за заштитна маска во здравството се препишува сè што е напишано во стандардот наместо да се напише дека маската треба да го задоволува тој и тој стандард. Но, и спротивно: предметот на набавката да е многу општо наведен, на пример, само боја, без да се наведе каков вид боја, квалитет, густина и сл., за да може тендерот полесно да се намести и да се купи нешто скапо, но со слаб квалитет.

- Условите што треба да ги исполнат фирмите за да можат да учествуваат на тендерот се „приспособени“ така за да може да ги исполни само „пријателската“ фирма. Дури 45 % од фирмите во земјава сметаат дека тендерите се местат на овој начин.

- На тендерот се „фингира“ конкуренција. Учествуваат дури три или повеќе фирми, но цените што ги нудат другите фирми се многупати повисоки од цената на „пријателската“ фирма, за нејзината понуда да изгледа најдобра. Или, другите фирми прават грешки во пополнување на тендерската документација за да бидат исклучени при евалуацијата и нивната понуда воопшто да не биде земена предвид. 54 % од фирмите потврдуваат дека постои меѓусебно договарање пред тендерот.

- Тендерот се објавува на крајот од јули или на почетокот од август – токму кога најголем број од луѓето се на одмор. На тој начин се избегнува конкуренцијата и на тендерот ќе се јави само фирмата којашто ќе знае однапред дека ќе има тендер во тој временски период.

- Сите други фирми се елиминираат во фазата на оценка на понудите, така што на крајот останува само понудата од „пријателската“ фирма. Институциите во земјава, секоја година, само во фазата на евалуација на понудите вкупно отфрлаат повеќе од 60.000 понуди. Во повеќе од 30 % од тендерите, иако имало повеќе понуди, на крајот останала само една понуда бидејќи другите биле отфрлени.



- Ако некои од овие трикови не успеат, тендерот се поништува (ако треба и по неколкупати) и набавката се повторува додека не ја добие „пријателската“ фирма.

- Откако ќе се склучи договорот и тендерот ќе почне да се реализира, се зголемува „чинењето“ за да има доволно пари за сите. На пример, поради тоа што се појавиле некои непредвидени работи. Или, фирмата нема да мора да реализира сè што е договорено и за што институцијата ќе плати. Повторно – за да останат доволно пари за сите. На пример, новата боја на пешачкиот премин се брише само по неколку дена откако е ставена и не рефлектира при светлина.

# Што да направите ако забележите некој од триковите?

Ако забележите некои од овие најчести трикови или, пак, некои други појави коишто ви изгледаат како трик, имате право да реагирате!

Имате право да побарате вашата општина да набавува нешто што сметате дека им е потребно на граѓаните. Нови канти за отпадоци, клупи за седење, пешачка патека, пристапна рампа, плочник итн.

Наспроти тоа, имате право да реагирате и доколку сметате дека нешто не е потребно, а се набавува. На пример, има добри и функционални клупи, а се ставаат нови.

Или, пак, нешто е направено, но трае многу кратко време. По првиот дожд се отвориле дупки на новиот пат. Или новите клупи набрзо се распаднале. За кратко време новата пешачка патека пропаднала.





# Како и каде да пријавите корупција?

Доколку сметате дека има неправилности во некоја јавна набавка, можете да пријавите во општината, а ако таа не реагира, и во Државната комисија за спречување на корупцијата. И тоа во кој било случај или фаза од набавката. Можете да пријавите и само во Комисијата, без да пријавувате во општината, доколку сметате дека е така подобро.

Пријавувањето можете да го направите директно во институцијата, но и преку анонимно писмо, испраќање електронска порака (е-пошта) или преку телефон. Бидете што е можно подетални и наведете што е можно повеќе информации, фотографии, документи и наводи за да ја „засилите“ вашата пријава.

Во Државната комисија, корупција може да пријавите на телефонот (02) 3248 930, преку испраќање електронска пошта на: contact@dksk.org.mk или по писмен пат, на следнава адреса: Државна комисија за спречување на корупцијата, бул. „Пресвета Богородица“ бр. 3, 1000 Скопје.

Доколку пријавата не е анонимна, спомнете дека сакате да ве информираат повратно за исходот од пријавата. На тој начин ќе го засилите притисокот врз институцијата за да реагира во врска со вашата пријава.

# Како да добиете повеќе информации за некој тендер?

Можете да побарате и дополнителни информации за јавната набавка. Дел од нив можете да ги најдете и сами, на интернет. Во последните години, општините објавуваат сè повеќе информации за тендерите. Јавните набавки се спроведуваат преку т.н. Електронски систем за јавни набавки, каде што секој може да најде информации за набавката на веб страницата: https://e-nabavki.gov.mk/.

# Прво проверете го сајтот на општината

Доколку одите на веб-страницата на општината, прво проверете дали има посебен оддел за јавни набавки. Би требало да го има годишниот план за јавни набавки, каде што е наведено што планира да набави општината во текот на годината. Овде ќе видите ако има некоја неразумна набавка, како што една општина, со нерешени многу други комунални проблеми, имаше во план да изгради игралиште за голф.

Потоа, на сајтот на општината може да најдете информација за „огласите“ за јавни набавки. Таму има поконкретни информации за тоа што сака да набави општината. Во основните информации од огласите може да се најде податок за предметот на набавка, рокот до којшто фирмите треба да ги достават понудите, но и денот, времето и местото кога прибраните понуди ќе бидат јавно отворени. Секој граѓанин и фирма во земјава може да присуствува на тоа јавно отворање на понудите, што го прави именуваната комисија за јавната набавка и од кое се изработува официјален записник. Во огласот е наведено и лицето за контакт за соодветната набавка, најчесто со телефонски број и со адреса за електронска пошта.



Поврзана со огласите е и т.н. тендерска документација, која може да се најде во секој оглас и каде е подетално опишан предметот на набавка, количините што ќе се набават, но и условите што треба да ги исполнат фирмите за да можат да учествуваат на тендерот. Овој документ е еден од клучните за каков и да е увид или следење на некоја јавна набавка.

Следен документ што може да се најде за набавките е т.н. известување за склучен договор. Во ова известување има информација за тоа која фирма го добила тендерот, колку и кои други фирми учествувале во набавката, како и колкава е вкупната вредност на набавката. Поврзан со известувањата е еден од најважните документи за јавни набавки што е достапен за јавноста – договорот за јавната набавка што го склучува институцијата со фирмата што го добила тендерот. Во договорот има податоци за траењето, поединечната цена на набавените производи и услуги, условите што треба да ги исполни фирмата, обврските на институцијата, итн. Освен договорот, достапни се и евентуалните анекси на договорот, доколку има склучено такви, како на пример и анекс за зголемување на вредноста на договорот.

# Проверете на Електронскиот систем за јавни набавки




Доколку општината не ги објавила сиве овие информации, можете да ги најдете на споменатата веб-страница за електронски набавки: https://e-nabavki.gov.mk/.

Најпрво треба да кликнете на соодветното прозорче, во зависност од информациите што ги барате: План за јавни набавки, Огласи или Склучени договори. Потоа треба да го најдете името на вашата општина (или која било друга институција што ве интересира) и да пристапите до саканите информации.

Важно е да знаете дека можете да пребарувате и по предмет на набавка доколку ве интересира некоја конкретна набавка, по конкретна фирма, по период на огласување или доделување на набавката, итн.

## Совети за поуспешно доаѓање до бараните информации на ЕСЈН:

- Секогаш користете кирилично писмо на тастатурата кога пишувате или пребарувате во Електронскиот систем за јавни набавки.
- Запишете го бројот на конкретната набавка што ве интересира бидејќи може да ви го олесни натамошното пребарување. Секоја набавка има свој единствен број. Пример: 44444/2023. Првиот број е петцифрен, а вториот број, по знакот „/“, ја означува годината кога е објавен огласот за набавката.
- Користете повеќе опции и различни синоними кога барате некоја конкретна набавка, како: возило, возила, автомобил, автомобили, превозно средство, превозни средства и сл.



# Побарајте информации преку официјално „барање за слободен пристап“

Ако информациите прибрани на овој начин се малку и недоволни за вашето сомневање или, воопшто, за вашиот интерес, имате право да ги побарате сите информации за споменатата набавка преку испраќање официјално барање до вашата општина за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

На веб-страницата на општината или на веб-страницата на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер (на следниот линк: https://aspi.mk, во делот Листа на иматели на информации) ги има имињата и контактите на лицата во институцијата (во случајов, општината) до коишто треба да го испратите барањето.





На истиот сајт (во делот Барање за пристап до информации од јавен карактер) можете да го најдете и образецот на барањето што треба да го пополните. И овде е важно да го знаете бројот на набавката што ве интересира и да го наведете во барањето. Едноставно напишете дека ви треба целокупната документација од досието за јавната набавка со тој и тој број. Барањето можете да го доставите по електронски пат, преку е-пошта, и на истиот начин да го добиете и одговорот. Очекувајте го одговорот во рок од 20 дена. Доколку не ги добиете информациите, доставете жалба до Агенцијата (образецот на жалбата и постапката можете да ги најдете на истиот сајт, во делот Жалба до Агенцијата).



Контактирајте нè:
Центар за граѓански комуникации
бул. „Кочо Рацин“ бр. 26/1-2, 1000 Скопје
тел. (02) 3213-513, center@ccc.org.mk
www.ccc.org.mk, www.opendata.mk

Оваа публикација е подготвена од Центарот за граѓански комуникации со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината и мислењата изразени во оваа публикација им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на УСАИД или на Владата на САД.